**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-141/2**
**Скопје, 25.01.2006 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА**
**НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ПОДАРЕШ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на Општина Подареш за 2004 година, кои се прикажани на страните од 7 до 9.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Општина Подареш за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Блажо Ѓорѓиев, Градоначалник на општина Подареш, за периодот од 01.01.2004 до 31.12.2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 6 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 05.11 до 16.11.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Лилјана Стојанова - Помошник ГДР и овластен државен ревизор;
- Катица Николовска - Ревизор;
- Билјана Сурлевска - Ревизор;
- Блерта Селмани - Помлад ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на актите**

10.1.1. Општина Подареш во својата евиденција го нема евидентирано имотот добиен согласно Решението на Влада на РМ бр. 23-257/75 од 08.02.2000 година за пренесување на правото на сопственост по делбен биланс помеѓу Република Македонија и новоформираните општини поради не ажурност на надлежните служби. Исто така нема обезбедено имотни листи за имотот со кој располага од Републичката геодетска управа. Поради тоа искажаната состојба на материјалните средства на 31.12.2004 година не ја претставува реалната состојба на имотот на општината.
**Препорака:**
На основа решението и имотните листи кои треба да се обезбедат од републичката геодетска управа, надлежните служби на општина Радовиш да извршат евидентирање на материјалните средства кои се сопственост на општина Подареш.
Операционализацијата на наодите по овој извештај е во надлежност на општина Радовиш од причина што со Законот за територијалната организација на единиците на локална самоуправа во Република Македонија Службен весник на РМ бр.55/04, општина Подареш станува населено место на општина Радовиш.

**10.2.Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.2.1. Обврските спрема добавувачите во сметководствената евиденција на општината не се евидентираат во моментот кога настанал должничко доверителнот однос и кога е добиена фактура за извршена набавка на добра или за извршена услуга тука се евидентираат во моментот кога се врши плаќање на истите што е спротивно на Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Со ваквиот начин на евидентирање се нема реална состојба на обврските спрема добавувачите како и на задолженоста на општината. Ова се должи на една долго применува пракса и непочитување на одредбите од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

**Препорака:**
Фактурите по основ на обврски спрема добавувачите да се евидентираат во книговодството кога настанал должничко доверителнот однос и кога истите се добиени, без разлика дали се платени или не. На тој начин, во секој момент општината има реална слика за вкупната состојбата на обврските спрема добавувачите и за делот од истите кој е платен и делот кој останува за плаќање.

10.2.2. Општината Подареш има и располага со материјални средства како што се улици, патишта, мостови и други објекти кои во книговодството на општината не се евидентирани на соодветните сметки пропишани со Правилникот за сметковниот план на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници. Во текот на 2004 година, на изградба на објекти, има направено расходи во вкупен износ од 7.768 иљади денари кои не се разграничени и соодветно евидентирани како зголемување на вредноста на истите и истовремено зголемување на Државниот - јавен капитал. Ваквото постапување, во делот на неевидентирање на локалните патишта и улици, е спротивно и на одредбите од членот 67 од Законот за јавни патишта (Сл.весник на РМ бр, 26/96……29/02).
Во Општина Подареш нема воведено евиденција на споменатите објекти, истото е резултат на една подолго применувана пракса. Нереалното искажување на материјалните средства не дава права слика за состојбата во општината.
**Препорака:**

- да се преземат мерки и активности за евидентирање на локалните патишта и улици кои припаѓаат на општината Подареш, и
- да се воведе пракса за евидентирање на капиталните расходи на соодветните конта за материјаните и нематеријалните средства и Државниот- јавен капитал.

10.2.3. Не се води евиденција за матријалните средства во подготовка. За капиталните расходи кои значат инвестиции во тек по основ на изградба, реновирање и друг вид на вложување правниот субјект не води евиденција на позицијата Матријални средства во подготовка, што е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметковниот план на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници. Поради тоа оневозможено е да се следи вложувањето во одреден објект соодветно на тоа и да се евидентира зголемување на набавната вредност и деловниот фонд, при давање на истите во употреба.
**Препорака:**
Вложувањата во материјалните средства да се евидентираат на ставките за инвестиции во тек – градежни објекти, опрема и друго и по активирањето да се евидентираат од овие ставки на ставките за Материјални средства во употреба и истовремено да се изврши зголемување на Деловниот фонд.

**10.3.Неправилности во искажување на расходите**

10.3.1. Ставката Плати и надоместоци, е преценета за износ од 61 иљади денари и за истиот износ е потценет вишокот на приходи, поради тоа што се направени расходи по основ исплата на месечни паушални – надоместоци на градоначалникот и едно лице референт по комунални работи, за кои според Законот за локална самоуправа нема законски основ како и е спротивно на Законот за исплата на плати на пратениците и другите бирани и именувани лица во Република Македонија.
**Препорака:**
Исплатата на надоместоците да се врши согласно одредбите од Законот за локална самоуправа.

10.3.2. За искажаните расходи во износ од 1.327 илјади денари на ставката Изградба, реновирање и унапредување, ревизијата се оградува од реалноста на истите поради некомплетност на приложените документи и тоа:

- За исплатените средства на износ од 45 илјади денари по основ на завршна ситуација 05/34-1 од 11.05.2004 година по договор број 08/99 од 15.09.99 за земјени работи на пат до сточарски фарми Телишоро, првата и втората времена ситуација се од 05.10. и 20.12.1999 година. За првата и втората времена ситуација не ни беше доставен на увид градежен дневник и градежна книга за извршените позиции дали се во согласност со доствените ситуации. За изградба на овој пат на ревизијата не и беше презентирана градежна дозвола ниту пак со завршната ситуација имаше потврда за технички прием.
  Објектот не се води како инвестиција во тек и се нема точни податоци за извршените исплати за овој објект, уште повеќе кога се има во вид фактот дека до 2004 година кај општина Подареш функционирала и друга сметка односно Фондот за комунално уредување и локални патишта, а активностите на овој пат се одвивале според приложената документација од 1999 до 2004 година.

- За исплатените средства по договор број 03-175/2 од 08.10.2004 година со ЈТД Градба Радовиш на износ од 877 илјади денари за довршување на градежни работи на мост на река Плаваја. Не се почитувани одредбите од договорот во делот на рокот за изградба. Не се води објектот како инвестиција во тек иако изградбата трае подолг период од 2002 година. Прв изведувач на градежните работи е фирмата АГЕ Инжинеринг, за потоа да бидат работите прекинати со овој изведувач  и да се воведе нов изведувач без да се направат записници за извршените работи и платените работи со точно утврдување на заемните обврски и побарувања.

- За исплатените средства по 2 времена ситуација за извршени работи заклучно со месец септември 2002 година по договор бр.03-6/1 од 29.07.02 на вкупна вредност од 8.093 илјади денари за изградба на мост на река Плаваја изведувач „Аге Инжинеринг Скопје„ на износ од 5.096 илјади денари а платено износ од 315 илјади денари. Овој објект не се води како инвестиција во тек, се нема податоци за досегашните плаќање, ситуациите не се евидентираат како обврски но во моментот на плаќањето се евидентира обврска за делот кој се плаќа. Во 2004 година прекинати се односите со овој изведувач без да се направи пресек на извршените работи и на извршените плаќања од страна на стручни лица, како и без да се направи записник за воведување во работа на новиот изведувач спротивно на одредбите од Законот за изградба на инвестициони објекти.

**Препорака:**

- Надлежните служби во Општината да воведат аналитичка евиденција по добавувачи и објекти да се следи изградбата на објектот и истиот да се евидентира како инвестиција во тек а со предавањето во употреба како постојано средство со соодветно зголемување на капиталните средства и нивните извори;
- Пред да се започне со градба да се обезбеди дозвола за градба и сета потребна документација согласно позитивната законска регулатива;
- Евидентирањето на документацијата да се врши редовно а не кога по истита се плаќа,и
- Документите да се уредни: потпишани од надзорен орган, инвеститор и изведувач, прилог градежна книга и градежен дневник а со завршната ситуација и документ за прием и предавање во употреба на објектот.

### 10.4.Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојбата

10.4.1. Позицијата Парични средства е преценета за износ од 24 илјади денари и за истиот износ е преценета позицијата Пасивни временски разграничувања, за невратените средства од сметката на Органот на сметката на Буџетот на општина Подареш, што е спротивно на член 36 од Законот за буџетите. За истиот износ се потценети приходите и Вишокот на приходи над расходи кај Буџетот на Општина Подареш. Непочитувањето на Законот за буџетите придонесува до нереални финансики извештаи.

**Препорака:**
По овој наод ревизијата не дава препорака од причина што со Законот за територијалната организација на единиците на локална самоуправа во Република Македонија Службен весник на РМ бр.55/04, општина Подареш станува населено место на општина Радовиш.

10.4.2. Позицијата Материјални средства во делот на Опремата во Билансот на состојба е потценета за износ од 64 илјади денари за кој износ е потценета и позицијата Извори на деловни средства. Ова е последица на непочитувањето на Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и неевидентирање на новите набавки како опрема. Одделението за сметководство најпрво извршило евиденција на овие набавки за потоа со пописот за да изврши усогласување на книговодствената со фактичката состојба ги сторнирало евидентираните набавки на основните средства. Непочитувањето на Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници допринесува за нереални билансни позиции и нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**
Надлежното одделение за сметководство при општина Радовиш да воведе материјална евиденција на постојаните средства кои се утврдени со пописот при затварање на сметките на досегашната општина Подареш, како и да изврши соодветно евидентирање на набавките на опрема во 2004 година.

### 10.5.Ненаменско и незаконско користење на средства

10.5.1. Поради непримenување на одредбите од Законот за јавни набавки утврдени се следните наоди:

- Не е спроведена соодветна постапка за јавни набавки во вредност од 1.446 илјади денари (Прилог бр. 1).
- Не е донесен интерен акт – Правилник за регулирање на начинот и постапката на набавките од мала вредност, и
- Не се води посебна евиденција за малите набавки.

Неспроведување на постапките за јавни набавки создаваат можност за фаворизирање на одредени добавувачи, го анулира принципот на јавност и транспарентност и доведува до можни набавки по зголемени цени.

**Препорака:**

- Да се обезбеди целосна примена на Законот за јавни набавки во сите негови аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката, а особено:
- Општината до крајот на јануари од тековната година да донесе план за вкупните потреби за набавки во тековната година по видови на производи (стоки), услуги и работи, со кој се определува и динамиката за реализација на набавките и постапката за јавна набавка која ќе се користи;
- Општината да донесе интерен акт за регулирање на начините на набавките мала вредност.


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*
*Овластен државен ревизор*

11. Вкупниот ефект од наодите во точка 10.3. е преценување на трошоците и потценување на Вишокот на приходи на износ од 61 илјада денари. Вкупниот ефект од наодите во точка 10.4. е потценување на билансните позиции во Билансот на состојбата за 2004 година во вкупен износ од за 40 илјади денари.

12.Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.3. и 10.4., финансиските извештаи не ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на сметката на Органот на општина Подареш на 31 Декември 2004 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.3. и 10.5. кај сметката на Органот на општина Подареш не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

14. Обрнуваме внимание во овој извештај, дека општина Подареш е тужена странка по судски спорови со неколку добавувачи за надомест на долг во износ од 6.302 илјади денари. Конечна разврска по ова прашање засега не може да се утврди ниту пак е изразена резерва по овој основ за евентуални ефекти врз финансиските извештаи на општина Подареш за годината која завршува со 31 Декември 2004 година.
Еден судски спор по предмет П/С бр.56/05 решен е со судско порамнување и треба да се плати до 31.12.2005 година на износ од 432 илјади денари.

15. Во врска со Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на општина Подареш за 1999 година ревизијата утврди дека за наодите изнесени во точката 10.9. и 10.12. од страна на субјектот не се преземени мерки за отстранување на наведените слабости и неправилности.

**Скопје, 19.01. 2006 година**

**Овластен државен ревизор**
**Лилјана Стојанова**

**ОПШТИНА ПОДАРЕШ ОРГАН**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004 година**

во 000 Ден.

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2004** | **2003** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | | 276 | 0 |
| Неданочни приходи | | 0 | 111 |
| Трансфери и донации | 3.3.1. | 9,954 | 3,108 |
| **Вкупно приходи** | | **10,230** | **3,219** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | 3.1. | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.1.1. | 1,328 | 1,442 |
| Стоки и други услуги | 3.1.2. | 820 | 835 |
| Тековни трансфери | 3.1.3. | 321 | 226 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **2,469** | **2,503** |
| **Капитални расходи** | 3.2. | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1. | 7,732 | 709 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **7,732** | **709** |
| **Вкупно расходи** | | **10,201** | **3,212** |
| **Вишок на приходи** | | **29** | **7** |

**ОПШТИНА ПОДАРЕШ ОРГАН**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2004**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 24 | 2 |
| Побарувања од државата и други институции | 4.1.2. | 5 | 5 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 89 | |
| **Вкупно тековни средства** | | **118** | **7** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 1,103 | 1,325 |
| **Вкупно постојани средства** | | **1,103** | **1,325** |
| **Вкупна актива** | | **1,221** | **1,332** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | | | |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.1. | 89 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.2. | 29 | 7 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **118** | **7** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 1,103 | 1,325 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **1,103** | **1,325** |
| **Вкупна пасива** | | **1,221** | **1,332** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2004 ГОДИНА**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2004 година** | **1,325** | **-** | **1,325** |
| **Зголемување по основ на:** | **-** | **-** | **-** |
| Набавки | - | - | **-** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти | - | - | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | - | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **222** | **-** | **222** |
| Отпис на капитални средства | | - | **-** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - | - | **-** |
| Амортизација | 222 | - | **222** |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **1,103** | **-** | **1,103** |



*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*
*Овластен државен ревизор*

## ПРИЛОГ БРОЈ 1

Во 000 денари

| Р.бр | Предмет на набавка | Добавувач | Износ | документи | забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Регулација на дел од коритото на река Ступница | „Техноинжинеринг„Радовиш | 341 | Ситуации | Нема спроведено постапка |
| 2 | Тампонирање на улици во индустрискиот дел | Техника ДООЕЛ Радовиш | 228 | Ситуации | Нема спроведено постапка |
| 3 | За довршување на градежни работи на мост на река Плаваја | „Градба„ЈТД Радовиш | 877 | Договор број 03-175/2 | Нема спроведено постапка |
| | **Вкупно** | | **1.446** | | |


Ул:"Маршал Тито"бр.12/3
Палата Македонија-Скопје;
тел: 3211-262; факс: 3126-311
Овластен државен ревизор